**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

**Г Р А Д   С К О П Ј Е**

ПРЕДЛАГАЧ: **Градоначалник на Град Скопје**

ИЗГОТВУВАЧ: **Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

ПРЕТСТАВНИК: **Помошник раководител на Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

ПОВЕРЕНИК: **Претставник од Сектор за меѓународна соработка и соработка и поддршка на здруженија и фондации**

# ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А

## За примање на донација од Youth Action Fund

**Скопје, јуни 2024 година**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02) и член 6 став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), а во врска со член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22), Советот на Град Скопје на ___________ седница, одржана на _____ 2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на донација од Youth Action Fund**

Член 1

**Со оваа Одлука Град Скопје прима грант донација од Youth Action Fund** со цел распределба на финансиски средства во средните училишта на територија на Град Скопје и истите ќе се реализираат во Биотехнолошката лабараторијата во: СУГС „Марија Кири - Склодовска" – Скопје. Донацијата е во насока на поттикнување на стабилна младина, соработка во решавањето на климатските проблеми и креирањето политики.

Член 2

Вредноста на донацијата од член 1 на оваа Одлука изнесува 50.000,00 Долари.

Член 3

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на Град Скопје да склучи договор за примање на донација со одговорното лице на Организацијата, со кој ќе се регулира намената и начинот на користење на донацијата.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје".

**С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е**

Број _______
___________ 2024 година
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Трајко Славески**

**Образложение**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје. Согласно член 6, став 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (“Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), давател на донација и спонзорство може да биде домашно и странско физичко и правно лице. Согласно член 6 став 3 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), намената и начинот на користење на донациите се регулираат со договор меѓу донаторот и градоначалникот, за што претходно согласност дава советот на општината.

Како еден од најголемети предизвици на светско ниво, проблемот со глобалното затоплување и климатската криза чии ефекти секојдневно ги чувствуваме не го одминува ни Град Скопје.

Градот Скопје како потпомогнат од Youth Action Fund како од технички аспект така и од финансиски аспект предвидено е да реализира активности од погоре наведената област кои ќе се искоистат во насока на поттикнување на најмладите, односно учениците од сите средни училишта на територијата на Град Скопје во процеси на дизајнирање, креирање и управување со итни климатски решенија. Оваа донација има за цел  да се искористат иновативните пристапи кои поканувaат и поттикнуваат стабилна младина, соработка во решавањето на климатските проблеми и креирањето политики.

Вредност на донацијата изнесува 50.000,00 Долари. За реализирање на донацијата Градоначалникот на Град Скопје ќе склучи договор за примање на донација со одговорното лице на Youth Action Fund, со кој ќе се регулира намената и начинот на користење на донацијата.

Согласно гореизнесеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за примање на донација.